# Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Кочани |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Љубинка Ајтовска, координаторка за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кочани |
| **Период на известување** | 2023 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 25 март 2024 година |

**Дата,**

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

Љупчо Папазов, градоначалник на Општина Кочани

**Потпис:**

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме (на Раководител на сектор за еднакви можности) :**

**Потпис:**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

1. Одлука за формирање Совет за женско претприемништво за општините Кочани, Виница и Зрновци, бр. 09-830/1 од 06.04.2023 г.
2. Општина Кочани во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и со Детската градинка „Павлина Велјанова“ изведе акција за озеленување на дворот на новата детска градинка „Детелинка“, во населбата Драчевик. Комбинацијата на поводот – Меѓународниот ден на жената со изборот на локацијата за пошумување и со целта – да се подобри капацитетот на „белите дробови“ во локалната средина и да се истакне дека секоја жена треба да биде свесна за засегнатоста од климатските промени, но и за нејзината важна улога во зачувувањето на животната средина. Со активноста се нагласува фактот дека секоја нова установа во која се згрижуваат деца овоможува поголем пристап на жените до работа, а со тоа и нивно економско јакнење.
3. Под мотото „Пешачењето е здравје“, Општина Кочани во соработка со Клубот за планинарски спортови „Москито“ и Извидничкиот одред „Ластовица“, изведе планинарска тура на релацијата Пониква – Панаѓур – Пониква. Учесниците имаа околу два часа активно пешачење на падините на Осогово. Активноста се реализира трета година по ред, согласно Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите на Општина Кочани.
4. Во соработка со ПСК „Осогово“ и Федерацијата на планинарски спортови – организиран планинарскиот марш „Стамен Каровски“.
5. Изработена видеосторија за Доброволното противпожарно друштво – Кочани. Целта на изработка на видео за идејата, основањето и функционирањето на Доброволното противпожарно друштво е Општина Кочани да ги афирмира придобивките што ги има заедницата од него и со него. Видеото говори за важноста на солидарноста, сплотеноста и добрата граѓанска организираност, вклученоста на жени и мажи, различни генерации/возраст и професии во превензија и заштита од пожари и други елементарни непогоди.
6. Поставен велосипедски паркинг во локалитетот Бавчалук. На релацијата Бавчалук – Гратче, која е рекреативна зона за жени и мажи од различни возрасти, недостигаше простор за паркирање велосипеди, со кои рекреатвците и рекреативките доаѓаат од градот до месноста Бавчалук. Паркингот за велосипеди е обезбеден од Општина Кочани и е поставен во самиот Спортско-рекреативен центар „Бавчалук“.
7. Цивил – Центар за слобода, со поддршка од градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и Општина Кочани, организираше јавен настан на тема „Граѓански дијалози за односите меѓу заедниците: предизвици и решенија“. На средбата со граѓани што се одржа во Мултикултурниот центар, учествуваа претставнички и претставници на граѓански здруженија, медиуми, локални институции, бизнис-секторот, верските заедници, политичките партии и подмладоци и заинтересирани граѓанки и граѓани . Под мотото „Заедно за подобра иднина“, а на тема мултикултурализамот во нашата заедница, Општина Кочани и Цивил – Центар за слобода, во текот на ноември реализираа конкурс за ликовни творби за учениците од основните училишта во Кочани. Со цел учениците да се поттикнат да размислуваат за културните, етничките и верските различности и да градат култура на почитување на различностите. На учениците чии ликовни творби беа најуспешни, Општина Кочани им додели награди.
8. Во соработка со Центарот за европска граѓанска иницијатива, Општина Кочани ја започна постапката за формирање општинско Координативно тело за превенција и заштита од дискриминација, со цел поддршка во унапредување на правата на граѓанките и граѓаните.
9. Реализирана обука на жени претприемачи за зелено и енергетски ефикасно производство. На темата Цели за одржлив развој и циркуларна економија, Програмата за развој на Обединетите нации во соработка со Националната платформа за женско претприменишто одржа работилница во Кочани за градење на капацитетите на жените претприемачки. Со НПЖП се одржани уште три работилници на различни теми.
10. Поддршка на реализација на донаторска акција на граѓанската организација „Стела“ за донација на книги од авторките од Кочани и регионот.

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

– Јакнење на капацитетите на жените претприемачи и нивно координирано дејствување; Обучени дваесетина жени од различни сектори од микрорегионот Кочани, Виница и Зрновци и нивно запознавање со начините како целите за одржлив развој можат да помогнат во развојот на бизнисите и приватниот сектор;
– Акциите за озеленување на локации во општината и за поставување паркинзи за велосипеди придонесуваат за јакнење на свеста кај граѓанките и граѓаните за заштита од влијанијата на климатските промени и за користење транспортни средства што не ја загадуваат околината;
– Обучени административни службеници за подобра подготовка и спроведување на програмските документи преку јакнење на капацитетите за меѓусекторска соработка и примена на пристапот базиран на пристапот на човекови права.
– Интеракција со дијалог на претставнички и претставници на граѓански здруженија, медиуми, локални институции, бизнис-секторот, верските заедници, политичките партии и подмладоци и заинтересирани граѓанки и граѓани за размислуваат за културните, етничките и верските различности и за градење култура на почитување на различностите.
– Од областа на културата, авторки од Кочани и регионот донираа 130 книги, а од страна на граѓанската асоцијација „Мрежа Стела" беа донирани 150 книги од жени авторки во основни училишта во Кочани и во ЈОУ Библиотека „Искра";

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (**Ве молиме наведете само аутпут индикатори**[1])

– Одржани 4 работилници за жени претпримачки во соработка со Националната платформа за женско претприемништво; обучени осудесетина претпримачки; наградена жена претпримач на годината во категоријата микрокомпании;
– Вклучени 11 жени од општинска администрација, граѓанскиот и од бизнис-секторот во оформениот Совет за женско претприемништво за општините Кочани, Виница и Зрновци и одржани три седници на Советот;
– Одржани 2 настана за промоција на физичката активност како фактор за добро здравје и кај жените и кај мажите; вклучени 186 граѓани во активностите „Пешачењето е здравје" и Меморијален планинарски марш „Стамен Каровски", од кои 96 се жени. Општина Кочани даде поддршка во формирањето нов Клуб за планински спортови „Осоговски орел", со вкупно 46 членови, од кои 9 жени/девојки.
– Преку програмата Општинско-корисна работа, на пазарот на трудот се вклучени вклучени 15 граѓанки кои досега ја немале шансата да бидат вработени и кои о стекнатите сертификати и искуства имаат можност и за самовработување; вклучени 68 жени корисници на услуги од програмата Општинско корисна работа;
– Преку Програмата за социјална детска и здравствена заштита на Општина Кочани обезбедена е помош за 165 жени од 7 програмски мерки.

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**

Локален акциски план за еднакви можности на жени и мажите 2023 година;
Локален акциски план за еднакви можности на жени и мажите 2024 година;
Извештај за реализирани активности на Општина Кочани, согласно Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2022/23 година, (Бр. 03-1976/2, 24.11.2023 г.); (https://kocani.gov.mk/auto-draft-4/)

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** (согласно член 11 од ЗЕМ):

Иницијатива/препорака за еднаков третман на жените и мажите при вработување во противпожарната единица (https://kocani.gov.mk/wp-content/uploads/2018/11/preporaka-za-pozarnikari.pdf)

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

Иницијативата за која се говореше јавно, дојде до израз при формирањето на Доброволното противпожарно друштво – Кочани, во кое се вклучија жени доброволни пожарникарки, кои еднакво со мажите учествуваат во противпожарните интервенции. https://www.youtube.com/watch?v=8Sbm9_8POpU;

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

Во ДПД – Кочани, вклучени 3 жени, активни доброволни пожарникарки;
Подготвена видеосторија за афирмација на учеството на пожарникарките во активностите на ДПД – Кочани (6':13'')

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

Линк до видеото за ДПД – Кочани https://www.youtube.com/watch?v=8Sbm9_8POpU;
Еднаквиот пристап и третман на жените и мажите отвори простор за реализација на нов проект на ДПД – Кочани поддржан од Германската амбасада (https://kocani.gov.mk/%d0%b3%d0%b5%d1%80%d0%bc%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b0%d0%bc%d0%b1%d0%b0%d1%81%d0%b0%d0%b4%d0%b0-%d0%b4%d0%be%d0%bd%d0%b8%d1%80%d0%b0%d1%88%d0%b5-%d1%82%d0%b5%d1%85%d0%bd%d0%b8%d1%87%d0%ba%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%bc%d0%be%d1%88-%d0%b7%d0%b0-%d0%b4%d0%bf%d0%b4-%d0%ba%d0%be%d1%87%d0%b0%d0%bd%d0%b8/) 

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**
Да. МТСП, ЗЕЛС, UN Women, КПС „Москито", ИО „Ластовица", ПСК „Осогово„, ДПД – Кочани, Цивил - Центар за слобода, Центар за европски граѓански иницијативи, Национална платформа за женско претприемништво, граѓанска асоцијација „Мрежа Стела", КПС „Осоговски орел", „Радар"...

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**
Да.

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси** (прилог)
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**
**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)** (прилог)
*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.** (прилог)

| |
|---|
| **2.12.Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**<br>Да. |
| **2.13.Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>Водење статистика според пол; активности за приспособување кон климатски промени и нивното влијание врз жените и мажите; поддршка на граѓански здруженија во организирање настани, кампањи, одбележување јубилеи, празници, активности за промоција на родовата еднаквост, вклучително и борба против насилство врз жените и семејното насилство; реализирани настани за промоција на физичката активност како фактор за добро здравје кај жените и кај мажите; промоција на женското претприемништво (промовирање на жени претприемачи како двигатели на промените во јавната политика заради зајакнување на женското претприемништво); почеток на реализација на проектот „Вклученост на родовата перспектива во планирање и управување со итни и кризни ситуации на локално ниво“, во соработка со здружението „Радар“; јакнење на капацитетите за човекови права и меѓусекторска соработка...<br>**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**<br>Достапни статистички податоци разделени по пол; нова пошумена локација со дрвја; поставени нови паркинзи за велосипеди; едуцирана млада популација за користење незагадувачки превозни средства; поттикнати нови членови – жени, вклучени во доброволното пожарникарството; обучени ученици за препознавање и превенција од родово базирано насилство меѓу децата; вклучени граѓани и граѓанки во активности што ја промовираат физичката активност како фактор за добро здравје – „Пешачењето е здравје“ и Планинарски марш „Стамен Китановски“, како и поддршка од Општина Кочани во формирањето нов клуб за планински спортови „Осоговски орел“; нови мотивирани жени за претприемништво и истакнување на успешните жени претприемачи од општината.<br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>Една нова пошумена локација со медоносни дрвја; еден нов организиран паркинг за велосипеди; 120 ученици вклучени во велосипедското дефиле „По патеката на оризот“; три жени вклучени во работата на Доброволното противпожарно друштво – Кочани; 20 ученика (13 момчиња и 7 девојчиња) обучени за препознавање и превенција од родово базирано насилство меѓу децата; вклучени 11 жени од општинска администрација, граѓанскиот и од бизнис-секторот во оформениот Совет за женско претприемништво за општините Кочани, Виница и Зрновци и одржани три седници на Советот, како и афирмација на жената што ја доби Националната годишна награда за жена претприемач на микрокомпании.<br>Во 2023 година Општина Кочани влезе во напредна фаза во проектот на UN Women „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во Република Северна Македонија“<br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?** |
| За реализација на овие активности од Буџетот на Општина Кочани се издвоени 366.617 денари, средства во кои е вклучено учеството на Општина Кочани во програмата Општинско корисна работа.<br>UNDP во проектите од програмата Општинско корисна работа, во 2023 година учествува со 1.342.600 ден. |
| **2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>Да. |
| **2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**<br>– Спроведување на Европската повелба за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот – работилница за учење и размена, Охрид, 16,17 март 2023 година;<br>– TAIEX Работилница за вклучување на родовата перспектива во локалните услуги и јавните комунални претпријатија (онлајн);<br>– Работилница за размена помеѓу членовите на мрежата ПРИЗМА и колегите од Северна Македонија за практики на родово учество на буџетот и информирање на заедницата, Поградец, 26-29 септември 2023 година;<br>– Обука за подготовка на Интегрирани локални развојни планови, 30 ноември 2023 година, Струмица |
| **Дали тој во обуките се јавил/а како:** |

**А) слушател/слушателка**
**Б) обучувач/обучувачка**

2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

– Обука на темата **Локализација на НАП за имплементација на Резолуција на Совет на безбедност на ОН 1325: Жени, мир и безбедност, за претставници од општините,** во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање" (2019 – 2021), проект на ЗЕЛС со поддршка на UN Women, 7 јуни 2021 г.;
– Обука на темата **Родово разделени податоци, нивната важност и внесување на податоците во е-платформата**, во рамките на проектот „Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање" (2019 – 2021), проект на ЗЕЛС со поддршка на UN Women, 30 септември 2021 г.;
– Форум на општински пракси: Кон родово одговорни општини. Презентација на темата: Комуникациски протоколи на координаторите/ките за родова еднаквост во општините, ЗЕЛС, 25 јуни 2021 г.;
„Превенција и заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство на локално ниво" 15.11. 2022 г., ЗЕЛС, Скопје;
–„Родово разделени податоци и користење на статистичките податоци од Државниот завод за статистика", 26.6.2022 г., ЗЕЛС, Скопје;
– „Род и климатски промени" во организација на Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг, со поддршка од Министерството за труд и социјална политика и на UNDP, 7.6.2022 г. (онлајн)
– „Вклучување на родова перспектива во дизајнирање и следење на јавните локални политики за заштита на потрошувачи и одржлива потрошувачка", Женска граѓанска организација „Антико", Кочани, 19 и 20.4.2022 г.

**2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете:** Тие се пренесуваат преку внатрешни состаноци во рамките на единицата на локалната самоуправа, со писмени апстракти и извештаи и споделување материјали. Стекнатите знаења се пренесуваат и на седници на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, како и преку самите активности што се реализираат согласно Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите.

**2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

Во Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година е вметната Иницијатива за воспоставување редовни уролошки прегледи во Општа болница со проширена дејност – Кочани, со барање специјалист уролог да врши редовни уролошки прегледи за пациентите од Кочани и регионот што го покрива Општа болница со проширена дејност – Кочани.

2.19. **Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

Иницијативата се очекува да се реализира во текот на 2024 година, во соработка со Општа болница со проширена дејност – Кочани.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

Предлогот од Здружението на родители „Родителски фронт" (03-1/23 од 25.10.2023 г.) за „менување на актите и програмите во Општина Кочани и нивно усогласување со постоечкиот важечки Закон за еднакви можности на жените и мажите и исфрлање на сите родови терминолошки изрази".

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

Заклучок на Советот на Општина Кочани (Бр.09-1917/1, 30.10.2023 година), во врска со предлогот на Здружението на родители „Родителски фронт" (03-1/23 од 25.10.2023 г.)

https://kocani.gov.mk/%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b8%d0%bd%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d1%87%d0%b0%d0%bd%d0%b8-%d1%81%d0%be-%d0%be%d0%b4%d0%b3%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%80-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%b1%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd%d0%b8/

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Комуникацијата со граѓаните и следењето на нивните потреби даваат можност за надминување на нееднаквата дистрибуција на општествените добра и ресурси кај мажите и жените.

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Поголема интеграција на родовата перспектива во локалните политики и буџети; извршување на планираниот родово одговорен буџет; зголемување на опфатот на социјалните партнери во реализацијата на Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година.

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана во 2006 година.

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол:** 3 жени, 2 мажи

**б) Образование:** 5 со високо образование

**в) Етничка припадност:** 5 Македонци

**г) Припадност на политичка партија:** 3 – ВМРО; 2 – СДСМ

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС –** Да

**б) во донесување на буџет на ЕЛС -** Да

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС** – Да

**5.2. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?** Не.

**5.5. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

КЕМ на жените и мажите во текот на 2023 година има одржано една седница, на чиј дневен ред се најде предлогот на Здружението на родители „Родителски фронт“. (прилог)

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ - МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

Тематски средби/настани на претставниците од МТСП – Сектор за родова еднаквост со единиците на локалната самоуправа – координаторите за еднакви можности, по можност и претседателите на Комисии за еднакви можности на жените и мажите. Средбите може да се одржат и онлајн.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Унапредување на знаењата на раководните општински структури (по сектори и одделенија) со родовата проблематика и воспоставување систем на следење на буџетските алокации за родово одговорно буџетирање.